**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 15 ДАТА 03.06.2022 ГОДИНА 40

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 15 ДАТА 03.06.2022 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Седница од 02.06.2022 година**

- **Раскин на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927„ АД од Скопје и фудбалерите: Ѓурковски Алекснадар и Ардит Илјази ги раскинаа договорите за вработување на фудбалер за пофесионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**
**Седница од 03.06.2022 година**
**за ОФС Тетово**

- **Склучување Анекс на професионален договор:**

Фудбласкиот клуб „Шкендија„ АД од Тетово и фудблерот Бруно Дрита склучија Анекс договор на професионалниот договор склучен на 30.07.2020 година во Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар со број 0204/212, Анекс договорот е со број 0202/163 и истиот важи до 14. 06. 2023 година.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Елези Лабинот од Фудбалскиот клуб „Ренова„ АД од с. Џепчиште - Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз, (меѓународен трансвер).

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков –член, Сашка Зердеска- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1199/1 против Александар Пановски со ИД 101861 фудбалер на ГФК Осогово исклучен од натпреварот ГФК Осогово-Ф.К Детонит Јуниор одигран на ден 07.05.2022 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Исток на Стадионот во Кочани поради добиен директен - црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 12.05.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Александар Пановски со ИД 101861 фудбалер на ГФК Осогово исклучен од натпреварот ГФК Осогово-Ф.К Детонит Јуниор одигран на ден 07.05.2022 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Исток на Стадионот во Кочани поради добиен директен-црвен картон, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (две) првенствен/куп натпревари.**

2. Дисциплинската мерка тече 08.05.2022 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1199/1 против Александар Пановски со ИД 101861 фудбалер на ГФК Осогово исклучен од натпреварот ГФК Осогово-Ф.К Детонит Јуниор одигран на ден 07.05.2022 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Исток на Стадионот во Кочани поради добиен директен - црвен картон, ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, и ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 07.05.2022 година е одигран натпреварот во рамки на 26 коло од Втора МФЛ помеѓу екипите ГФК Осогово-ФК Детонит Јуниор на Стадионот во Кочани Во 90 минута од натпреварот на играчот **Александар Пановски со ИД 101861 фудбалер на ГФК Осогово** му е доделен директен-црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот поради неспортски однос.
Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земајќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ГФК ОСОГОВО**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 08-1217/9

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова– Претседавач, Дејан Бошков-член, Сашка Зердеска член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1194/1 од 10.05.2022 година, против ФК Шкендија АД, врз основа на член 51 а вв со член 26 став 3 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ на седницата одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 08 - 1290/2
20.05 2022 год.

# О Д Л У К А

1. Поради слаба организација, користење на пиротехнички средства од страна на своите навивачи, фрлање на тврди предмети и пластоични шишиња на терен, како и извикување на пароли со расистичка содржина, на натпреварот од 32 коло во рамки на Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Шкеднија АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД, ФК Шкендија АД Скопје **СЕ КАЗНУВА** со:

   -Забрана на одигрување на 4 (четири) првенствени – куп натпревари на свој терен (да се одиграат на оддалеченост од 100 км од местото на прекршокот)

   -Парична казна во висина од 5000 (пет илјади) евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Паричната казна од оваа одлука да се уплати на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 во Комерцијална Банка во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 10.05.2022 година по разгледување на пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ со број.15-1194/1 од 10.05.2022 година, поведе дисциплинска постапка против Ф.К.Шкендија АД и побара изјава во врска со пријавата за слаба организација, користење на пиротехнички средства, фрлање на тврди предмети и пластични шишиња на терен како и извикување на расистички пароли за време на натпреварот од 32 коло во рамки на Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Шкеднија АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД одигран на ден 08.05.2022 година на стадионот во Тетово.

Ф.К.Шкендија АД на ден 19.05.2022 година, достави изјава во врска со поведената постапка во која наведе дека клубот на конкретниот натпревар ги превземал сите неопходни и дополнителни мерки за организација на натпреварот од безбедносен аспект. Во својата изјава Ф.К.Шкендија АД не ги негира прекршоците, во најголем дел прифаќа дека истите се сторени, но со претходна провокација од страна на гостинскиот тим.

Делегатот на натпреварот на својот извештај ги има утврдено следните прекршоци: Во 2 минута од натпреварот имал прекин од 7 минути поради фрлање со тврд предмет према гостински фудбалер, употреба на пиротехнички средства и фрлање на хартиени ленти на терен. Во 23 минута биле фрлани хартиени ленти на терен. Во 24 минута фрлени на терен пластични шишиња. Во 44 минута биле фрлени пластични шишиња на терен.Во второто полувреме во неколку наврати се фрлени пластични шишиња на терен, додека во 79 минута од натпреварот со тврд предмет е удрен во предел на левиот зглоб вториот помошен судија на натпреварот. Во 90 минута од натпреварот се извикувани пароли со расистичка содржина.

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 20.05.2022 година, врз основа на списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот Ф.К.Шкеднија АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД одигран на ден 23.04.2022 година, Делегатски дополнителен извештај и писмената изјава поднесена од Ф.К.Шкендија АД ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 08.05.2022 година е одигран натпреварот во рамките од 32 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Шкупи АД на стадионот во Тетово.

Натпреварот бил уредно пријавен во МВР-СВР-Тетово а присутни на настанот биле 211 полициски службеници. Натпреварот го обезбедиле вкупно 31 редари од приватна компанија.

Во текот на натпреварот навивачите на Ф.К.Шкендија АД употребиле пиротехнички средства (2 минута и во 26 минута од второто полувреме), фрлиле со тврди предмети и пластични шишиња на теренот (2 минута, 23, 24, 28,44 како и пред самиот почеток на второто полувреме и во 20 и 25 минута од второто полувреме), во 79 минута од натпреварот удрен со тврд предмет во предел на левиот зглоб вториот помошен судија, и извикувале пароли со расистичка содржина (во 90 минута) на гореспоменатиот натпревар.

Согласно ваква утврдена фактична состојба, Дисциплинската Комисија на ФФМ утврди дека Ф.К.Шкендија АД направил прекршок на член 51 а вв со член 26 став 3 од Дисциплиснкиот Правилник, и имајќи ги во предвид сите околности на настанот донесе одлука како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**ФК ШКЕНДИЈА АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Деловоден бр.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова– Претседавач, Дејан Бошков-член, Сашка Зердеска член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1194/1 од 10.05.2022 година, против ФК Шупи 1927 АД, врз основа на член 51 а вв со 3 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ на седницата одржана на 31.05.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Поради слаба организација, користење на пиротехнички средстава од страна на своите навивачи, на натпреварот од 33 коло во рамки на Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Академија Пандев АД, ФК Шкупи АД Скопје **СЕ КАЗНУВА** со:

   -Парична казна во висина од 3000 (три илјади) евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Паричната казна од оваа одлука да се уплати на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 во Комерцијална Банка во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 20.05.2022 година по разгледување на пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ со број.15-1251/1 од 17.05.2022 година, поведе дисциплинска постапка против Ф.К.Шкупи АД и побара изјава во врска со пријавата за слаба организација и користење на пиротехнички средства за време на натпреварот од 33 коло во рамки на Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Академија Пандев АД одигран на ден 15.05.2022 година на стадионот во Чаир-Скопје.

Ф.К.Шкупи 1927 АД на ден 23.05.2022 година, достави изјава во врска со поведената постапка во која наведе дека клубот на конкретниот натпревар ги превземал сите неопходни и дополнителни мерки за организација на натпреварот од безбедносен аспект. Во својата изјава Ф.К.Шкупи 1927 АД ги негира прекршоците, наведувајќи дека пиротехничките средства-бакљи се користеле по завршување на натпреварот, каде прославиле титула.

Делегатот на натпреварот на својот извештај ги има утврдено следните прекршоци:Во 1 минута на стартот на натпреварот запалени 8 бакли, во 7 и 8 минута фрлени на терен две петарди беднаш до аут линијата.По последниот свиреж на судијата навивачите на Ф.К.Шкупи 1927 АД влезени на терен да слават со 50 бакли.

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 31.05.2022 година, врз основа на списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Академија Пандев АД одигран на ден 15.05.2022 година, Делегатски дополнителен извештај и писмената изјава поднесена од Ф.К.Шкупи 1927 АД ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 15.05.2022 година е одигран натпреварот во рамките од 33 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Шкупи АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД на стадионот во Чаир-Скопје.

Натпреварот бил уредно пријавен во МВР а присутни на настанот биле 65 полициски службеници. Натпреварот го обезбедиле вкупно 70 редари од приватна компанија.

Во текот на натпреварот навивачите на Ф.К.Шкупи 1927 АД употребиле пиротехнички средства (Во 1 минута на стартот на натпреварот запалени 8 бакли, во 7 и 8 минута фрлени на терен две петарди беднаш до аут линијата.По последниот свиреж на судијата навивачите на Ф.К.Шкупи 1927 АД влезени на терен да слават со 50 бакли).

Согласно ваква утврдена фактична состојба, Дисциплинската Комисија на ФФМ утврди дека Ф.К.Шкупи 1927 АД направил прекршок на член 51 а вв со 3 од Дисциплиснкиот Правилник, и имајќи ги во предвид сите околности на настанот донесе одлука како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**ФК ШКУПИ 1927 АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Деловоден бр. 08-1357/2

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков–член и Сашка Зердеска-член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1193/1 против Александар Андов шеф на стручен штаб на Г.Ф.К.Осогово исклучен од натпреварот Г.Ф.К.Осогово-ФК Детонит, одигран на ден 07.05.2022 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Исток на стадион во Кочани поради насилничко однесување, врз основа на член 47 став 2 а во вв со член 3 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 31.05.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Александар Андов шеф на стручен штаб на Г.Ф.К.Осогово исклучен од натпреварот Г.Ф.К.Осогово-ФК Детонит, одигран на ден 07.05.2022 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Исток на стадион во Кочани поради насилничко однесување, МУ **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на извршување функција од 3 (три) месеци.**

2. Дисциплинската мерка тече од 08.05.2022 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1193/1 против Александар Андов шеф на стручен штаб на Г.Ф.К.Осогово исклучен од натпреварот Г.Ф.К.Осогово-ФК Детонит, одигран на ден 07.05.2022 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Исток на стадион во Кочани поради насилничко однесување,, Ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 31.05.2022 година е одигран натпреварот во рамки на 26 коло на Втора МФЛ Исток помеѓу екипите ГФК Осогово-ФК Детонит на стадион во Кочани. По завршување на натпреварот, пријавениот насинички се однесувал поради што бил исклучен од страна на главниот судијаБартон Јосип.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 47 став 2 а во вв со член 3 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ГФК Осогово**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 08-1357/3

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова– Претседавач, Дејан Бошков-член, Сашка Зердеска член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-1195/1 од 10.05.2022 година, против ГФК Осогово, врз основа на член 51 а вв со 3 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ на седницата одржана на 31.05.2022 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Поради слаба организација, на натпреварот од 26 коло во рамки на Втора МФЛ Исток помеѓу ГФК Осогово-ФК Детонит, ГФК Осогово **СЕ КАЗНУВА** со:

   -Парична казна во висина од 1500 (илјада и петстотини) евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Паричната казна од оваа одлука да се уплати на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 во Комерцијална Банка во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 12.05.2022 година по разгледување на пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ со број.15-1195/1 од 10.05.2022 година, поведе дисциплинска постапка против ГФК Осогово и побара изјава во врска со пријавата за слаба организација за време на натпреварот од 26 коло во рамки на Втора МФЛ Исток помеѓу ГФК Осогово-ФК Детонит одигран на ден 07.05.2022 година на стадионот во Кочани.

ГФК Осогово не поднесе писмена изјава во врска со настанот.

Делегатот на натпреварот на својот извештај ги има утврдено следните прекршоци:По завршување на натпреварот физички обид спрема судиската четворка и слаба организација на натпреварот.

Дисциплинската комисија на ФФМ на состанокот одржан на ден 31.05.2022 година, врз основа на списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот ГФК Осогово-ФК Детонит одигран на ден 07.05.2022 година, Делегатски дополнителен извештај ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 07.05.2022 година е одигран натпреварот во рамките од 26 коло од Втора МФЛ Исток помеѓу ГФК Осогово-ФК Детонит на стадионот во Кочани.

Натпреварот бил уредно пријавен во МВР-СВР Кочани а присутни на настанот биле 30 полициски службеници. Натпреварот го обезбедиле вкупно 10 редари од приватна компанија.

По завршување на натпреварот физички обид спрема судиската четворка и тоа од шефот на стручниот штаб на ГФК Осогово  и слаба организација на натпреварот.

Согласно ваква утврдена фактична состојба, Дисциплинската Комисија на ФФМ утврди дека ГФК Осогово направил прекршок на член 51 а вв со 3 од Дисциплиснкиот Правилник, и имајќи ги во предвид сите околности на настанот донесе одлука како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави  жалба  до Комисијата за жалби  на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**ГФК  ОСОГОВО**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**